АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- прво полугодие на 2024 година



Декември 2024 година

*ВОВЕД*

Поштенскиот сектор е еден од најважните сектори  кој придонесува за одржлив раст на денешната глобална економија. Низ вековите, поштенскиот сектор се соочувал со предизвици и покажал извонреден капацитет за промени, преминувајќи во обебзедување услуги од доставување на физички писма од физички корисници до достава на пратки за е-трговија, и обезбедување на широка палета на услуги во секотори како финансии и логистика.

Оврската за обезбедување на универзалната услуга која опфаќа сет на услуги загарантирани за граѓаните, ја проширува улогата и значењето на поштенските услуги, како обезбедување услуга од јавен интерес, поточно услуга достапна до секој граѓанин по пристапна цена. Развојот на е-трговијата и дигиталната субституција во голема мера претставуваат закана кон можноста за одржување на оваа услуга и нејзино финснаиско одржување.

Согласно законските одредби, а во функција на извршување на надлежностите на Агенцијата за пошти, давателите на поштенски услуги имаат обврска за доставување на податоци од своето работење и истите да ги достават со пополнување на Извештај за обезбедување на поштенските услуги два пати во годината[1].

Извештајот содржи податоци за обемот и видот на пратките, подрачјето на кое се обезбедуваат поштенските услуги, бројот на вработени лица кај давателите на поштенски услуги, финансиските средства остварени од услугите, бројот на рекламации за дадениот период, капацитетот на јавната поштенска мрежа и др.

Во продолжение следи Анализата на пазар на поштенски услуги за првото полугодие од 2024 година, со направена споредба на податоците за првото полугодие од 2023 година. Основната цел на анализата е да се даде слика за вкупниот развој на поштенскиот сектор, дали одредени услуги имаат зголемување или намалување и ваквиот развој од аспект на светските трендови.

## *1. Даватели на поштенски услуги*

Во првото полугодие од 2024 година работеле вкупно 36 даватели на поштенски услуги.

Графикон 1: Број на даватели на поштенски услуги




[1] http://ap.mk/index.php/mk/formulari-analiza

Од вкупниот број на даватели на поштенски услуги 36 кои работеле во првото полугодие на 2024 година пополнети Извештаи доставиле 33 даватели, кои се предмет на оваа Анализа.

Табела 1: Даватели на поштенски услуги

| | 2023 година прво полугодие | 2024 година прво полугодие |
|---|---|---|
| **Давател на универзална услуга – АД Пошта на Северна Македонија** | 1 | 1 |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 34 | 35 |

## *2. Остварен обем на поштенски услуги*

Во првото полугодие на 2024 година има 3 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар, кои не доставиле пополнети извештаи. Исполнување на обврската на давателите за поштенски услуги за доставување на Извештаите два пати годишно, дава и поточна слика за пазарот на поштенските услуги.

Табела 2: Податоци за обем на поштенски пратки

| | 2023 година прво полугодие | 2024 година прво полугодие |
|---|---|---|
| **АД Пошта на Северна Македонија** | 13,743,340 | 14,148,614 |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 4,428,898 | 4,688,778 |
| Вкупен обем | 18,172,238 | 18,837,392 |

Анализата покажува зголемување на вкупниот обем за првото полугодие на 2024 година, во однос на првото полугодие на 2023 година. Зголемувањето на обемот во однос на истиот период во 2023 година изнесува околу 3,7 %.

Во првото полугодие на 2024 година давателот на универзалната услуга има остварено зголемување на обемот на поштенски услуги од 2,95 %, но има зголемување на обемот на поштенски услуги и кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар од околу 5,9%

Графикон 2. Остварен обем кај даватели на поштенски услуги




Графикон 3:Удел на даватели на поштенски услуги на пазарот




Давателите на поштенски услуги на слободниот пазар во првото полугодие на 2024 година имаат зголемување на уделот на пазарот за 0,53 % во однос на првото полугодие на 2023 година.

Графикон 4: Движење на уделот на даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




## 3. Вкупен обем на поштенски пратки кај АД Пошта на Северна Македонија

Табела 3. Вкупен обем на поштенски пратки кај АД Пошта на Северна Македонија во рамки на универзалната услуга

| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | 2023 прво полугодие | 2024 прво полугодие |
|---|---|---|
| Вкупен обем остварен од услугите во рамките на универзална услуга | 13,589,188 | 13,986,934 |
| 1. Пратки за коресподенција | 12,438,186 | 12,908,537 |
| 2. Мали пакети | 0 | 0 |
| 3. Директна пошта | 42,602 | 48,298 |
| 4. Пакети | 76,484 | 85,780 |
| 5. Печатени работи | 1,031,916 | 944,319 |
| Вкупен обем остварен од услугите надвор од универзална услуга | 154,152 | 128,775 |

Анализирајќи ги податоците во рамки на универзалната услуга се забележува зголемување на дел од услугите во рамки на универзалната услуга.

Табела 4: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија




Давателот на универзалната услуга во првото полугодие на 2024 година остварил зголемување на услуги во рамки на универзалната услуга за околу 2,9%. Пратките за кореcподенција како услуга која треба да биде достапна до сите корисници, бележи зголемување за 3,8%, особено писмата до 50 грама кои се остварени во обем од околу 68.3 %

Табела 5: Вкупен обем на пратки за кореcподенција

| Вкупен обем на пратки за кореcподенција | *12,908,537* | *100%* |
|---|---|---|
| *Писма* | *12,876,917* | *99,75%* |
| ** Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга* | *10,274,229* | *79,6%* |
| **  Вкупен обем на писма до 50 грама* | *8,820,058* | *68.3%* |

Табела 6: Вкупен обем на писма до 50 грама прво полугодие на 2023 година и прво полугодие на 2024 година

| | 2023 прво полугодие | 2024 прво полугодие |
|---|---|---|
| *Вкупен обем на пратки за кореcподенција* | *100%* | *100%* |
| *Писма* | *99,90%* | *99,75%* |
| ** Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга* | *78,40%* | *79,6%* |
| **  Вкупен обем на писма до 50 грама* | *66,20%* | *68,3%* |

Табела 7: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија остварен во внатрешен поштенски сообраќај

| Внатрешен поштенски сообраќај | | |
|---|---|---|
| Физички лица | Правни лица | Вкупно |
| 1,865,437 | 9,463,948 | 11,329,385 |
| 16,47% | 83,53% | |

Графикон 5: Обем остварен во внатрешен поштенски сообраќај




Табела 8: Пратки за кореспонденција- внатрешен сообраќај

| Вкупен обем на пратки за кореcподенција во првото полугодие на 2024 година | Вкупен обем на пратки за кореcподенција во внатрешен сообраќај | Физички лица | Правни лица |
|---|---|---|---|
| 12,908,537 | 10,780,340 | 1,817,590 | 8,962,750 |
| | 83,5% | 16,86% | 83.14% |

Од вкупно остварениот обем на пратки за кореспонденција во првото полугодие на 2024 година, 83,5% е остварен во внатрешен сообраќај и остварен е 83.14% од правни лица.

Табела 9: Пратки за кореспонденција – меѓународен сообраќај

| Вкупен обем на пратки за коресподенција во првото полугодие на 2024 година | Вкупен обем на пратки за коресподенција во меѓународен сообраќај | меѓународен појдовен сообраќај | меѓународен дојдовен сообраќај |
|---|---|---|---|
| 12,908,537 | 2,128,197 | 550,397 | 1.577,800 |
| | 16,5% | 25,9% | 74,1% |

Првото полугодие на 2024 година давателот на универзалната услуга има зголемување на обемот на пакети за околу 12% во однос на првото полугодие на 2023 година. Зголемената нарачка на он лине производи има влијание на зголемување на на услугата пакети на пазарот.

Графикон 6: Вкупен обем на пакети




Вкупниот процент на обемот на пакети кај давателот на универзалната услуга во однос остварениот обем на пакети на пазарот во Република Северна Македонија во првото полугодие на 2024 година (3,019,841) е многу мал и изнесува 2,84 %.

Графикон 7: Обем на пакети прво полугодие 2023/2024 година- АД Пошта на Северна Македонија




## 4. Вкупен обем на поштенски пратки кај давателите на поштенски услуги на слободен пазар

Табела 10. Обем на поштенски пратки кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар

| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | 2023 прво полугодие | 2024 прво полугодие |
|---|---|---|
| Вкупен обем на поштенски пратки | 4,428,898 | 4,688,778 |
| 1. Пратки за коресподенција | 999,696 | 1,408,458 |
| 2. Директна пошта | 106,926 | 298,171 |
| 3. Пакети | 3,263,244 | 2,934,061 |
| 4. Печатени работи | 5,600 | 0 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на вкупниот обем на поштенски услуги за околу 5.9 % и зголемување на пратките за коресподенција за околу 40,9 % во однос на првото полугодие на 2023 година.

Графикон 8. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем - 2024 година, прво полугодие




Од вкупно остварениот обем на пратки за кореспонденција на пазарот 14,316,995 пратки, давателот на универзалната услуга има остварено 90 %, а давателите на поштенски услуги на слободниот пазар 10%, што всушност укажува дека нема конкуренција на пазарот во делот на пратките за кореспонденција.

Во првото полугодоdие на 2024 година во споредба со првото полугодие на 2023 година 5 даватели на поштенски услуги имаат намалување на обемот на пратките за кореспонденција. Од 31 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои работат со услугата - пратки за кореспонденција, 5 даватели на поштенски услуги имаат остварено 89,5 % од вкупниот обем на пратки за кореспонденција.
Во првото полугодие на 2024 година 10 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар обезбедувале услуги покрај во внатрешен сообраќај обезбедувале услуги и во меѓународен сообраќај.

Графикон 9. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во обезбедување на услугата пратки за коресподенција - 2024 година, прво полугодие




Од вкупниот обем остварен од давателите на поштенски услуги на слободниот пазар 5 даватели на поштенски услуги оствариле 79,3% од вкупниот обем на пакети. Анализите покажуваат намалување на обемот на пакети за 10%.

Графикон 10. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во обезбедување на услугата пакети - 2023 година, прво полугодие



Од 22 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои работеле на пазарот со услугата пакети во извештајниот период, 6 од нив имаат намалување на обемот на пакети во првото полугодие на 2024 година во споредба со првото полугодие на 2023 година.

## 5. Пратки од е-трговија и пратки со откупнина кај даватели на поштенски услуги

Со новите извештаи за обезбедување на поштенски услуги, давателите на поштенски услуги се обврзани да доставуваат податоци и за услуги од е-трговија, како и пратки со откупнина. Следејќи го движењето на пазарот забележително е дека корисниците се повеќе користат пратки од е-трговија, и ја користат услугата за кои плаќаат во моментот на приемот на пратката.

Развојот на е-трговијата претставува огромна можност за развој на пазарот на поштенските услуги бидејќи потрошувачите се повеќе користат е – нарачки на производи преку платформите за е-трговија. Со зголемувањето на онлајн продажбата, е-трговците бараат брза и ефикасна достава на своите производи при што ги користат лиценцираните даватели на поштенски услуги.

Табела 11. Пратки со откунина кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар



Графикон 11. Е -commerce услуги кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




Електронската трговија одигра особено позитивна улога за давателите на поштенски услуги придвижувајќи го обемот на пратките низ нивните поштенски мрежи во време на опаѓање на обемот на писмата.

Пратка со откупнина се врачува на примачот со претходна наплата на откупниот износ означен на самата пратка. Како пратка со откупнина може да се испрати секоја препорачана или вредносна пратка.

## 6. Број на вработени и точки за пристап во поштенскиот сектор

Бројот на вработени во поштенскиот сектор изнесува 2.841 лица од кои 1.750 вработени кај давателот на универзалната услуга, додека 1091 вработени кај давателите на слободниот пазар. Давателот на универзална услуга има 245 договорни пошторазнесувачи и 11 лица ангажирани по договор за вршење на услуги.

Првото полугодие на 2024 година бележи намалување на вработени лица кај давателот на универзалната услуга од 8,8%.

Првото полугодие на 2024 година бележи зголемување на вработени лица кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар од 14,8%.

Односно намалувањето на вработени лица во поштенскиот сектор изнесува 0,9%.

Табела 12. Број на вработени во поштенскиот сектор

| Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор | 2023 прво полугодие | 2024 прво полугодие |
|---|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 1918 | 1750 |
| - *Број на пошторазнесувачи* | 549 | 485 |
| - *Договорни пошторазнесувачи* | 145 | 245 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар | 950 | 1091 |
| - *Број на пошторазнесувачи* | 403 | 503 |
| - *Договорни пошторазнесувачи* | 146 | 147 |

Табела 13. Точки на пристап - АД Пошта на Северна Македонија

| Точки за пристап | 2023 прво полугодие | 2024 прво полугодие |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 333 | 328 |
| 2. Поштенски сандачиња | 374 | 374 |
| 3. Поштенски преградоци | 6,539 | 6,539 |
| Вкупно | 7,246 | 7,241 |

Точките за пристап преку кои корисниците имаат пристап до универзалната услуга, но и на сите останати поштенски услуги, кај давателот на универзалната услуга се забележува една константа, но тоа е така и заради фактот дека намалување на точките за пристап подлежат на одредени законски постапки.

Табела 14. Точки на пристап – Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

| Точки за пристап | 2023 прво полугодие | 2024 прво полугодие |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 184 | 290 |
| 2. Број на возила за обезбедување на услугите | 896 | 985 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на точките за пристап.

Графикон: 12. Договорни пошти, пошторазнесувачи и договорни пошторазнесувачи кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




Само 5 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар имаат пријавено дека работат преку договорни пошти.

## 7. Финансиски податоци од обезбедување на поштенски услуги

АД Пошта на Северна Македонија остварила повеќе вкупни приходи (1,5%) во 2024 година првото полугодие во однос на 2023 истиот период, а 1,9% повеќе остварила приходи од обезбедување на поштенски услуги. Во првото полугодие на 2024 година има реализирано 6.6% повеќе расходи во однос на првото полугодие на 2023 година.

*Табела 15. Остварени приходи и расходи*

| | А.Д. Пошта на Северна Македонија (денари) | | Останати даватели на поштенски услуги (денари) | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 прво полугодие | 2024 прво полугодие | 2023 прво полугодие | 2024 прво полугодие | 2023 прво полугодие | 2024 прво полугодие | Зголемување/намалување % |
| Вкупни приходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги | 510.607.054 | 520.323.040 | 572,603,374 | 726,689,996 | 1,083,210,428 | 1,247,013,036 | 15,1% |
| Вкупни расходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги | 659,605,120 | 702.894.990 | 486,623,793 | 601,458,185 | 1,146,228,913 | 1,304,353,175 | 13,8% |

Давателите на поштенски услуги на слободниот пазар имаат остварено повеќе приходи (27%), од обезбедување на поштенски услуги за првото полугодие на 2024 година во однос на првото полугодие на 2023 година, а целиот поштенски сектор има зголемување на приходи од 15.1%.

Од вкупно остварениот приход на пазарот 58,3% е остварен на слободниот пазар.

Графикон 13. Остварени приходи од писма и пакети во рамки на универзалната услуга




Табела 16.Остварени приходи од обезбедување на универзална услуга

| | Вкупно приходи во универзална услуга | Вкупно приходи | Остварен процент |
|---|---|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 510.943.282 | 520.323.040 | 98,2% |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 250,848,024 | 726,689,996 | 34,5% |

Доколку се анализира обемот и остварените приходи се доаѓа до заклучок дека давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на вкупниот обем на поштенски услуги од околу 5,9 %, а имаат зголемување на приходите за 27 %.

Табела 17. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најмногу остварени приходи

| Даватели со најмногу приход | Процент од вкупни приходи |
|---|---|
| ДХЛ | /% |
| Еко Логистик | /% |
| Карго Експрес | /% |
| ТПЛ Тотал Пост Логистик | /% |
| Вип пошта | /% |
| | 77% |

Од вкупно остварениот приход од обезбедување на поштенски услуги 5 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар имаат остварено 77% од вкупниот приход.

## 8. Рекламации по поштенски пратки

Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар има зголемување во однос на првото полугодие на 2023 година за 14%, додека давателот на универзалната услуга има намалување на број на рекламации за 24,3%.

Табела 18. Податоци за безбедноста и рекламации на поштенски пратки

| Рекламации | 2023 прво полугодие | 2024 прво полугодие |
|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | 103 | 78 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 659 | 753 |

Табела 19. Број на рекламации по видови на пратки

| | Обични писма | Препорачани писма | Вредносни писма | Пакети | Вредносни пакети |
|---|---|---|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | 0 | 76 | | 2 | |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 88 | 9 | 1 | 653 | 2 |

Давателот на универзалната услуга има најмногу рекламации за препорачани писма 97,4% ,а корисниците рекламирале за пречекорување на рокот за достава 94%, додека кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар 34% од корисниците рекламирале по основ на пречекорување на рокот за достава на поштенски пратки, а 66.8% корисниците рекламирале по основ на оштетени и изгубени поштенски пратки.

Графикон 14: Рекламации кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги е 0,004% во однос на вкупно оствареniot обем, односно кај давателот на универзалната услуга е 0,006%, а кај давателите на слободниот пазар тој процент изнесува 0,02%.